АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE
Бр.-Nr. 14-8241/1
01.10 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ДО ОСИГУРИТЕЛНО БРОКЕРСКИ ДРУШТВА**

**Предмет: Известување за постапување по однос на обврската за јавна објава на регистри**

Почитувани,

Врз основа на член 152 од Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/2002, 84/2002, 98/2002, 33/2004, 88/2005, 79/2007, 8/2008, 88/2008, 56/2009, 67/2010, 44/2011, 112/2011, 7/2012, 30/2012, 45/2012, 60/2012, 64/2012, 23/2013, 188/2013, 43/2014, 112/2014, 153/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и 198/2018 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019, 31/2020, 173/2022 и 3/2025) и членови 6 и 7 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водење регистри од страна на друштвата за осигурување, осигурително брокерските друштва и друштвата за застапување во осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 174/2023), **осигурително брокерските друштва се должни да водат регистар на :**

1. Осигурителни брокери кои се во редовен работен однос во осигурително брокерското друштво врз основа на склучен договор за вработување со осигурително брокерското друштво;

Регистарот е јавен и истиот во електронски облик се објавува на интернет страницата на осигурително брокерското друштво.

Во регистарот од точка 1 (погоре) се запишуваат следниве податоци:

- Име и презиме на осигурителниот брокер кој врз основа на склучен договор за вработување со осигурително брокерското друштво е во редовен работен однос во друштвото;
- Број и датум на решението со кое Агенцијата издала лиценца за вршење осигурително брокерски работи;
- Број и датум на склучување на договор за вработување со лицето.

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

При проверка на интернет страниците на осигурително брокерските друштва, Агенцијата за супервизија на осигурување констатираше одредени недоследности во обемот и содржината на податоците кои друштвата ги објавуваат на својата интернет страница од аспект на усогласеност со минимум податоците кои треба да бидат содржини во согласност со горенаведениот Правилник.

Од овие причини, Ве молиме да извршите проверка дали објавените податоци на интернет страницата на друштвото во целост одговараат на податоците утврдени со Правилникот при што доколку објавените податоци по содржина и обем не одговараат на бараните, истите во целост да се дополнат односно недостатоците да се отстранат.

Дополнително напоменуваме дека регистарот на осигурителни брокери на интернет страната на друштвото треба да биде прикажан на видлива позиција со назив РЕГИСТАР НА ОСИГУРИТЕЛНИ БРОКЕРИ на првата почетна страна (не во позадински фолдери тешко достапни за пребарување) .

За извршената проверка и корекција Ве молиме да ја известите Агенцијата за супервизија на осигурување, најдоцна до 15.10.2025 година на следните меил адреси: maja.siljanoska@aso.mk и marija.kojcevska@aso.mk.

Со почит,

Претседател на Совет на експерти,
м-р Ели Дракуловска

Изработил: М.С.
Контролирал: М.Ч.К.
Согласен: м-р Б.Ј.Н.

Членови на Совет на експерти:
м-р Горан Здравковски
м-р Александра Дранговска

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

**Прилог: Табеларен приказ со минимум податоци кои треба да ги содржи Регистарот на брокери**

| Рб. | Име и презиме | Број на решение (лиценца) за вршење осигурително брокерски работи) | Датум на решение (лиценца) за вршење осигурително брокерски работи | Број на договор за вработување | Датум на склучување на договорот за вработување |
|---|---|---|---|---|---|